Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговски друштва и член 58 и 60 од Статутот на **БУТЕЛ ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД Скопје**, Управниот Одбор на Друштвото

О б ј а в у в а

J А В Е Н П О В И К

ЗА СВИКУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

на БУТЕЛ ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД Скопје

Собранието на акционери на БУТЕЛ ПОГРЕБЕН СЕРВИС АД Скопје ќе се одржи на ден **21.06.2023 година (среда)** со почеток во **10 часот** во седиштето на Друштвото на ул. Лазар Трповски бр 67А Скопје, Бутел (сала за состаноци)

За работа на Собранието на акционери се предлага следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1. Верификација на пријавени и присутни акционери

2. Избор на записничар

3. Избор на Претседавач на Сообрание

4. Усвојување на дневниот ред

2. РАБОТЕН ДЕЛ

1. Усвојување на записникот од Собранието на акционери од 29.06.2022год.

2 Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Бутел Погребен Сервис АД Скопје за деловната 2022 год**, со предлог одлука**

3. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2022 год **со предлог одлука**

4.Предлог одлука за распределба на добивката на Друштвото остварена во 2022 год.

5.Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2022 год, **со предлог одлука**

6. Разгледување на Извештајот за работењето на членовите на Управниот Одбор Генералниот Директор на Бутел Погребен Сервис АД Скопје за 2022год, **со предлог за донесување на**

- Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на членовите на Управен Одбор, Генерален Директор на Бутел Погребен Сервис АД Скопје за 2022 год.

- Одлука за одобрување на работењето на членовите на Управен Одбор за 2022 год

7. Разгледување на Извештај за работењето на членовите на Надзорен Одбор на Бутел Погребен Сервис АД Скопје за 2022год, **со предлог за донесување на**

-**Одлука** за усвојување на Извештајот за работењето на членовите на Надзорен Одбор на Бутел Погребен Сервис АД Скопје за 2022 год.

- Одлука за одобрување на работењето на членовите на Надзорен Одбор за 2022год.

8.Предлог Одлука за исплата на награда за работна успешност за 2022год на членовите на Управен и Надзорен Одбор на Бутел Погребен Севис АД Скопје.

9. Назначување на овластен ревизор за 2023год на Бутел Погребен Сервис АД Скопје.

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред. Вклучувањето на нови точки на дневниот ред може да се врши на начин утврден со Законот за трговските друштва.

Матријалите по дневниот ред ќе им бидат достапни на акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик за свикување на Собранието во деловните простории на Бутел Погребен Сервис АД Скопје ул. Лазар Трповски бр.67А Скопје, секој работен ден од 8-9 часот.

На седницата на Собранието на акционери може да учествува секој акционер лично или да овласти свој полномошник да го застапува на Собрнието со доставување на уредно писмено полномошно заверено кај нотар. Акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат за полномошникот, во спротивно ќе се смета дека не доставил полномошно.

Секој акционер кој има намера да присуствува на Собрание должен е да го пријави своето учество до пред почетокот на седницата кај Претседателот на Управен Одбор на Друштвото поради евидентирање.

Гласањето на Соранието на акционери е јавно, во согласност со ЗТД, Статутот на Друштвото.

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собрание.

На Собранието може да се одлучува ако на седницата присуствуваат акционери или нивни овластени претставници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Управен Одбор

Бутел Погребен Сервис АД Скопје